**ЗАПИСНИК**
**од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.03.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.03.2017 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.03.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, го образложи предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година. Објасни дека наведениот радиодифузер извршил уплата во износ од 43.230,00 (четириесетитриилјадиидвестеитриесет) денари, со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-83 од 03.03.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 43.230,00 (четириесетитриилјадиидвестеитриесет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски, во врска со предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување, објасни дека Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица, во законскиот рок не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, со што на Советот му се предлага да се покрене постапка.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-101 од 03.03.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица, бр.08-48 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1121/1 од 03.03.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица, бр.08-48 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-1133/4
08.03 **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Република Македонија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје